ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 4033/2
Датум: 23.05.2024
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 12. Хорски натпревар меѓу училиштата во Општина Карпош, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.16/2023, 5/2024), Решението за именување – верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година, со број 09 – 8254/1 од 05.12.2023, број 09 – 8254/21 од 26.12.2023, број 09 – 8254/23 од 29.12.2023, 09 – 26/1 од 03.01.2024 и 09 – 26/19 од 04.01.2024 година, и Одлука за објавување оглас за Хорски натпревар меѓу училиштата за 2024 година со број 11- 4033/1 од 23.05.2024 година, се објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

1. Право за учество на јавниот оглас имаат сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош.

## 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КАРПОШ

- На хорскиот натпревар меѓу училиштата за 2024 година учествуваат хоровите на општинските основни училишта, во состав на ученици кои се дел од училишниот хор и наставник по музичко образование од училиштето;

- Училиштето се претставува со една композиција (а капела или со инструментална придружба)

## 3. ЦЕЛИ

- Развивање на креативноста и музикалноста кај учениците;
- Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците;
- Актуелизирање и афирмирање на хорското творештво;
- Мотивирање на учениците и наставниците по музичко образование за училишна награда

4. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

- Училишните апликации да се достават во Архивата на Општина Карпош, барака бр.2, во затворен плик со назнака „Хорски натпревар меѓу училиштата во Општина Карпош за 2024 година" со пропратно писмо во кое ќе се наведе насловот на композицијата со која ќе се претстави училишниот хор.

5. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ
- Рокот за пријавување на Јавниот оглас е до 27.05.2024 година.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
**Гордана С. Зафировска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ